# Вести од светот

## За млади и возрасни



2017 • **ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЕВРОАЗИСКА ДИВИЗИЈА



www.AdventistMission.org

# Нашите дарови на дело





Дел од даровите за 13 сабота 2014 година, помогнаа да се изгради адвентистичко училиште во Дњепропетровск во Украина и една адвентистичка црква во Монск во Белорусија.

## СОДРЖИНА


**Киригистан**
4 Бог рекол, „шшш"!/ 7 октомври
Казахстан
6 Чистачката која ја сака саботата / 14 октомври
**Евро Азиска дивизија**
8 Масажата отвора врата / 21 октомври Т
10 Облаците викале / 28 октомври
**Русија**
12 3 чуда во болницата / 4 ноември
14 Нема настава во сабота / 11 ноември
**Таџикистан**
16 Прошетка по гробиштата / 18 ноември
18 Да се допре до момчињата преку фудбалот / 25 ноември
**Украина**
20 Дали е вредно да се прави добро? / 2 декември
22 Да се сведочи за Исус во возот / 9 декември
**Молдавија**
24 3 молитви / 16 декември
26 Случај против Бог / 23 декември
28 Програма на 13-тата сабота / 30 декември

**Извори**
30 Идни проекти на 13-тата сабота
31 Уредништво на списанието


Т = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

## Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Евроазиската дивизија (ЕАД) која се простира на преку 11 временски зони и опфаќа 13 држави на Источна Европа и централна Азија: Авганистан, Ерменија, Азербеџан, Белорусија, Грузија, Казахстан, Киргистан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан.

Нашите мисионски приказни доаѓаат од 5 од овие споменати држави. Имињата на луѓето се променети за да се заштити делото на црквата во овие области кои се соочуваат со големи предизвици.

**ПРЕДИЗВИЦИ**

Повеќето држави од Евроазиската дивизија биле составен дел на некогашниот Советски сојуз, во кои религиозната слобода била кочена цели 70 години. Денес во овие држави од Евроазиската дивизија живеат повеќе од 322 милиони луѓе, меѓу кои 111,500 се христијани адвентисти. Тоа претставува однос од 1 адвентист на секои 2,888 луѓе. Украина има најголема концентрација на адвентисти, еден адвентист на 900 луѓе, и во оваа земја живеат повеќе од половината верници на ова дивизија. Како контраст на Украина, се наоѓаат јужните дивизиски држави Авганистан, Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Турменистан и Узбекистан. Во овие држави, како мнозинство, живее исламско население кое брои 103 милиони луѓе, меѓу кои има само 4200 христијани адвентисти, што претставува однос - еден адвентист на 24,500 луѓе. Да се допре до овие луѓе навистина претставува голем предизвик и вистинско мисионско поле.

Проектите, за кои зборуваме ова тримесечје, се избрани поради својот потенцијал за сведочење на луѓето во своите области на дејствување.

## Можности

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе одат за:

1. Повеќенаменски центар и дом за стари лица во Резина, во Молдавија.
2. Менторска програма преку спорт за децата и тинејџерите во Душанбе, во Таџикистан.
3. Повеќенаменски спортски комплекс на кампусот во христијанското училиште Херитиџ во Токмој, во Киргистан.
4. „Служи и светли“, себтар за сведочење во Ростов на Дон во Русија.
5. Евангелски пристанишен мисионски центар на влијание во Владивосток, во Русија.
6. Детски проект: Детски предучилишен центар во Павлодар, во Казахстан.

## СПЕЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Мисионското списание во PDF верзија може да се преземе од линкот bit.ly/adultmission и на фејсбук. Посетете и лајкувајте ја нашата фејсбук страница: Facebook.com/missionquarterlies.

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видео-записот, кој ги изнесува искуствата на луѓето од многу краишта на светот, со посебен фокус на оние што ги примаат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видео клип и линк на интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да ги гледате видео-клиповите онлајн.

Дополнителни информации и активности: Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-сајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации.

Ви благодариме што помагате членовите на вашето саботношколско одделение да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата со своите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилство Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

# Бог рекол „шшш!“

Киргистан / 7 октомври 2017

Кристијан Милер, 33

*(Иако се молевме да се најде купувач за куќата на оваа жена, јас бев шокиран колку брзо дојде до продажба)*

Моето семејство и јас сме волонтери адвентисти кои живеат и дејствуваат во некогашната Советска република Киргистан. Секоја година знаевме да заминеме некое време од Киргистан. Меѓутоа, да бидам искрен, му префрлував на Бога кога дознав дека моето семејство ќе оди дома во Аргентина, во јуни, во период кога во Аргентина е зима. Јас сакав да одиме во декември, кога таму е лето, за да можам да ги поминам божиќните празници со мајка ми.

Меѓутоа, мојата сопруга се разболе и ѝ беше потребно лечење. Ги спакувавме нашите работи и отидовме од христијанското училиште Херитиц, адвентистичко училиште во Токмок, главниот град на Киргистан, каде што работев како директор за развој во изминатите четири години.

Бог имаше свои причини зошто нè испрати во Аргентина во тоа време – и покрај болеста на мојата сопруга. Сакаше да научам да го почитувам Неговиот тајминг.

**Предизвик за Бога, а наш благослов**

Додека бев во Аргентина, ме повика една госпоѓа. Беше адвентист, но не се познававме. Таа слушнала дека собирам средства за адвентистичко училиште во Киргистан и сакаше да дојдам во нејзиниот дом, за подетално да ѝ ги изнесам информациите за тој проект.

Кога стигнав, ми рече, „Ќе бидам директна со тебе. Во изминатите две години се обидував да ја продадам мојата куќа и не успеав.

Дури и цената ја спуштив на половина, па сепак не успеав да ја продадам. Така, му реков на Бога, „Ако ја продадам оваа куќа, ќе дадам 100,000 долари во некој црковен проект". Моите очи ширум се отворија додека слушав потполно изненаден од нејзините зборови.

„Се обидував да контактирам неколку црковни институции, но ниедна од нив не го возврати повикот. А, потоа слушнав дека ти си овде", рече таа.

Ѝ реков на госпоѓата дека христијанското училиште Херитиџ се обидува да собере 400,000 долари за изградба на дополнителни училници, кои ќе овозможат двојно да се зголеми сегашниот број од 330 ученици. Ѝ кажав дека, поради недостаток на простор, училиштето минатата година мораше да одбие 40 деца.

„Добро, ќе дадам пари за овој проект, но ќе мораш да се молиш за тоа, бидејќи две години се обидувам и никако не можам да ја продадам оваа куќа. Почнав да верувам дека е речиси невозможно да се случи тоа".

**Молитва и повик**

Се помоливме заедно и јас си заминав. Кога се вратив, ѝ ја раскажав оваа случка на мојата сопруга и на моите синови од шест и седум години. Се помоливме уште еднаш искрено и таа вечер и наредното утро.

Во текот на следниот ден, се јави еден купувач кој беше подготвен веднаш да ја купи куќата.

Иако се молевме да се пронајде некој што ќе ја купи куќата на оваа жена, сепак бев шокиран бидејќи дојде толку брѓу до продажба. Бев разочаран што дојдовме во Аргентина за време на зимскиот период, наместо во текот на летото, меѓутоа, Бог имал поинакви планови. Продажбата на оваа куќа се одвиваше според зборовите запишани во Библијата: „Застанете и разберете дека Јас сум Бог", (Псалм 46,10).

Бог знаел дека очајната желба на жената да ја продаде својата куќа ќе овозможи и ќе обезбеди 1/4 од трошоците за изградба на новиот блок училници во Киргистан. Благодарение на нејзиниот дар и на дарувањата на други луѓе, новите училници ќе можат да примат нови ученици оваа година. Во текот на нашиот престој надвор од Киргистан, можев да отпатувам на долго планираниот пат во САД

и да соберам уште средства. Додека бев таму, не успеав да соберам ни четвртина од износот што го приложи госпоѓата од Аргентина.

Собирањето средства за Божјото дело се базира исклучиво на молитвата и верата. Научив да му дозволам на Бога да ме води каде што Тој сака и во време за кое Тој смета дека е најдобро.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени да се комплетира изградбата на повеќенаменскиот центар со аудиториум и други простории во христијанското училиште Херитиџ во Токмок, во Киргистан.

Ви благодарам на молитвите и на саботношколските мисионски дарови што денеска ќе ги приложиме за напредок на Божјето дело.

## Брзи факти

**Киргистан се простира на раскрсницата на неколку големи цивилизации. Патот на свилата и другите комерцијални и културолошки патишта минуваат низ или близу оваа држава.**

**Поради високата цена на горивото, поголемиот дел од земјоделието во Киргистан и понатаму се одвива рачно, со помош на животни, онака како што со векови наназад било работено.**

**Киргизите низ историјата биле полуномадско племе кое живеело во кружни шатори „јурти“ и одгледувале овци, коњи и јакови.**

**80% од населението на Киргистан е од исламска вероисповед, 17% се православни христијани, а 3 од други религии.**

**Христијанската адвентистичка црква во Киргистан брои 757 верници и претставува однос од еден адвентист на 7,530 лица.**




# Чистачката што ја сака саботата

Казахстан / 14 октомври 2017

Јелена Голубева

Елена има свое право да биде вознемирена. Минатата година ја изгубила својата работа поради саботата. По некое време на невработеност, нашла слабо платена работа како чистачка. Сега добива закани со смрт бидејќи сака да ѝ помогне на една жена да ја празнува саботата во Казахстан.

Меѓутоа, Елена е видно задоволна.

„Сакам да му служам на Бога", вели таа.

Празнувањето на саботниот ден е вистински предизвик во оваа земја, во која живеат 17 милиони луѓе, од кои само 3,500 се христијани адвентисти.

Не постои ниту едно адвентистичко училиште, а државните училишта одржуваат настава од понеделник до сабота.

Работодавците не се подготвени да излезат во пресрет и да им дозволат слободна сабота, дури и тогаш кога верниците на црквата се подготвени да ги надоместат работните часови во некој друг ден.

Многу луѓе ги нарекуваат адвентистите, како и другите протестанти, секташи.

Проблемите на Елена почнале кога нејзината фирма, во која претходно работела пет години, решила да ја прошири својата работа од пет работни дена седмично на шест.

Кога доаѓала на разговор за работа во 2011 година, на интервјуто рекла дека таа ја празнува саботата – библискиот ден за одмор. Претпоставениот тогаш рекол: „Нема проблем. Ние работиме пет дена во неделата. Твојот ден за одмор ќе падне за време на викендот".

Меѓутоа, во 2016 година компанијата ја променила својата работна политика, повикувајќи се на економската ситуација. Елена нема-

ла друг избор, освен да го напушти тоа работно место.

По два месеца без работа, еден пријател адвентист ѝ помогнал да најде работа со половина работно време како чистачка во заложувалница. Елена, исто така се стекнала и со диплома за масер-терапевт, која ѝ помогнала да волонтира во здравствениот центар што го води црквата.

**Баба Фаина**

Работата на Елена како масерка ѝ помогнала да ја запознае баба Фаина, како што нагалено ја нарекувала 75-годишната госпоѓа. Се запознале преку некои верници од црквата, и Елена решила на оваа стара госпоѓа бесплатно да ѝ обезбеди десетдневен третман.

Баба Фаина, која чувствувала болка од несреќата што ја доживеала во својата младост, длабоко ѝ се заблагодарувала на Елена што здравјето ѝ се подобрило.

Елена секој пат ѝ одговарала, „Јас сум христијанка, така што не треба мене да ми се заблагодарувате, туку на Бога“.

Десетдневната терапија брзо поминала. Во текот на последниот ден, Елена ја повикала баба Фаина заедно да ја проучуваат Библијата. Жената се согласила и така овие две жени почнале да се состануваат еднаш неделно за да ги проучуваат 24-те библиски лекции.

Баба Фаина го прифатила она што го слушнала, а нејзиниот животен стил почнал да се менува. Почнала да ја празнува саботата.

Кога на својот возрасен син, Павел, му кажала за својата нова вера, тој многу се налутил. Павел, кој живеел сам со својата мајка, повикал некои верници од црквата за да се пожали.

„Мојата мајка порано беше многу поинаква. Готвеше добра храна, меѓутоа, сега не сака да подготвува свинско месо. Порано пиеше алкохол за време на некои прослави, а сега одбива да пие“.

**Закани со смрт**

Павел се заканувал дека, ако продолжат библиските проучувања, ќе оди на суд.

Неколку дена подоцна, кога неговата мајка не сакала да го прекине проучувањето, неговите закани станале посериозни. Ѝ рекол на Елена дека ќе ја убие ако само уште еднаш зачекори во неговата куќа.

Библиските проучувања биле прекинати на две недели. Браќата и сестрите од црквата се молеле за настанатата ситуација. Било одлучено библиските проучувања да продолжат по телефон.

„Баба Фаина почна да ме повикува кога нејзиниот син ќе заминеше на работа. Прво се молевме, а потоа ја проучувавме лекцијата.

Кога останаа само две лекции до крајот, нејзиниот син остана без работа и одбиваше да излезе од дома.

Проучувањето повторно мораше да го прекинеме, и овојпат за две недели. Сите во црквата се молевме нејзиниот син да пронајде работа.

Бог ги слушна нашите молитви и Павел најде работа, а проучувањето на Библијата продолжи“.

Елена покажува восхит кога гледа на кој начин Бог ја води целокупната ситуација.

„Кога се молиме, баба Фаина ја изнесува својата благодарност кон Бога што ги запознала луѓето кои ѝ помогнале поздраво да живее, и што можела вистински да го запознае Бога. Минатата сабота ме повика и побара од мене да ја поздравам целата црква“.

Елена вели дека е тешко со евангелието да се допре до луѓето во светот. Но, вели дека е подготвена да направи сѐ што може, дури и по цена да остане без работа, или да работи за помала плата, ако тоа ѝ помогне, да биде му верна на Бога и да ја шири својата вера.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на првата адвентистичка предучилишна установа, родниот град на Елена, Павлодар, во Казахстан.

## Брзи факти

**Казахстан е најголема држава опкружена со копно и деветта по големина во светот.**

**Во текот на историјата, Казахстан ја населувале номадски племиња.**

**Казахстан има два службени јазици – казашки и руски. Повеќе од половината од населението зборува казашки, а останатите го зборуваат рускиот јазик.**



# Масажа што ги отвора вратите

Евроазиска Дивизија / 21 октомври 2017

Николај, 20

*(Николај примил неочекуван телефонски повик кој засекогаш го променил животот на едно семејство)*

Николај е дваесетгодишен адвентист, кој живее во рестриктивна исламска земја во која е опасно да се признае дека си христијанин. Тој посетувал едномесечен курс за терапевтска масажа што го организирала адвентистичката црква во соседната држава. Откако се вратил во својот дом, поставил реклама за тераписка масажа на својата фејсбук страна.

**Очајна мајка**

По кратко време примил телефонски повик од некоја госпоѓа која ја видела неговата реклама. Го молела Николај да дојде и да му помогне на нејзиниот млад син.

Николај се двоумел, но кога дознал дека момчето е со инвалидитет, рекол: „Јас немам толкаво искуство. Јас сум на почетничко ниво“.

Меѓутоа, госпоѓата инсистирала, „Ве молам, дојдете. Никој друг не сака да му помогне на мојот син“.

Николај, иако безволно, сепак решил да се сретне со момчето. Меѓутоа, кога дошол и кога ја видел состојбата на момчето, сфатил дека неговиот случај бил мошне сериозен. На госпоѓата ѝ Рекол: „Простете, но јас навистина немам доволно искуство, а ни знаење, за да му помогнам на вашиот син.“

Госпоѓата почнала да плаче. „Ве молам, помогнете му. Го прашував и молев секој терапевтски масер на кој наидував, и сите одбиваа да ми помогнат. Вие сте мојата последна надеж“.

**Дозволете да се помолам**

Срцето на Николај потполно се стопило од овие нејзини зборови. „Добро. Ќе се обидам да помогнам, но под еден услов. Јас сум христијанин, и неопходна ми е Божја мудрост за да му помогнам на вашиот син. Ако ми дозволите да се молам пред секој третман со масажа, можеби Бог ќе му помогне на вашиот син“.

Се изненадил кога мајката се согласила. Таткото на детето бил дома кога Николај дошол по трет пат и станал љубопитен и полн со сомневања кога видел дека Николај се моли пред да започне со масажите. Николај дознал дека таткото на детето е владин службеник на висока положба. Николај ништо не можел да направи, освен да му објасни на човекот што се случува. Му кажал дека не се чувствува доволно способен да му помогне на момчето, но на крајот сепак се согласил да се обиде да му помогне, но под еден услов, секој пат да побара помош од Бога. Објаснувањето на Николај го задоволило таткото, кој му кажал да продолжи со својата работа.

Поминале уште неколку третмани. Еден ден, таткото на детето примил итен телефонски повик. Николај не знаел кој е на телефон и за што станувало збор, но можел да забележи дека е во прашање некоја итна работа. Таткото брзо се облекол и тргнал кон вратата. Николај го запрел кај вратата и му рекол: „Господине, не знам поради што е ова брзање, но дозволете ми да се помолам за тој проблем пред да излезете“.

Таткото на детето се согласил со овој предлог на Николај. Тогаш Николај се помолил Бог да помогне околу настанатиот проблем. Тој никогаш не дознал поради што било ова брзање, но подоцна разбрал дека проблемот бргу бил решен.

**Неочекувана препорака**

Како што напредувала терапијата со масажата, родителите можеле да видат промени кај својот син. Детето не било во потполност излечено, но покажувало значаен напредок. Почнало да прави работи кои дотогаш не можело да ги прави. Родителите биле восхитени. Таткото на момчето почнал да им кажува на другите владини службеници: „Нема да верувате како терапевтот, кој го масира мојот син, од ден на ден му помага сѐ повеќе и повеќе. Тој е најдобриот масер во државата. Би требало да ја испробате неговата масажа!“

Со такви препораки, Николај станал терапевтски масер на голема група високи владини службеници во таа држава. Николај го цитира Божјото ветување запишано во Библијата, „ Сè можам преку Христа, кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,13).

Можеби се прашуваме на кој начин Евангелието може да се проповеда во рестриктивните држави. Приказната на Николај нè потсетува да му служиме на семоќниот Бог. Можеби, како и Николај, и вие немате доволно искуство или знаење, меѓутоа, кога се молите за Божјо водство и мудрост, Тој ја отвора вратата на неверојатни начини.

Ве молиме, молеме се за Николај и за адвентистичкото дело во рестриктивните држави на Евроазиската дивизија (ЕАД). Ви благодариме што со своите мисионски дарови го потпомагате ширењето на Евангелието во областите во кои тешко може вистината да се проповеда.

## Брзи факти

**Повеќето држави од евроазиската дивизија некогаш биле дел од Советскиот Сојуз.**

**Денес, во оваа дивизија живеат повеќе од 322 милиони луѓе, меѓу кои само 111,500 христијани адвентисти. Тоа претставува однос - 1 адвентист на 2,888 луѓе.**

**Државите Авганистан, Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан и Узбекистан се мнозински исламски држави. Таквата сотојба претставува вистински предизвик за христијанската адвентистичка црква. Во овие држави, во кои живеат повеќе од 103 милиони луѓе, од нив 4.200 се адвентисти, што претставува еден адвентист на секои 24.500 луѓе. Ова е вистинско мисионско поле!**



# Облаците викаа

**Евроазиска дивизија / 28 октомври 2017**

**Мурад, 10**

*(Очите на Мурад и солзите во неговите очи го допреле нејзиното срце, додека зборувал за својата тајна со својата учителка)*

Десетгодишниот Мурад ѝ пристапил на својата учителка откако завршил часот. „Имам една тајна“, ѝ прошепотил.

Учителката, верник на христијанската адвентистичка црква, која работела во една од рестриктивните држави, го погледнала детето со прашање на лицето. Иако Мурад доаѓал на нејзините часови во изминатите неколку месеци, никогаш порано никој не ѝ пристапил така.

„Имам една тајна која што сакам да ви ја откријам“, повторил со шепот.

„За што станува збор“, прашала наставничката.

**Визија во облаци**

Додека зборувал, солзи почнале да се тркалаат низ неговото лице. „Еден ден, додека одев кон училиштето, видов облак кој личеше на човек распнат на крст. Не знаев за кого станува збор, додека од вас не слушнав за Исус. Кога ни зборувавте за Исус, се сетив на облакот“.

Јасно, тој не знаел што да прави со таа визија. Нејзините очи почнале да се полнат со солзи додека се потсетува на средбата. Не била сигурна што да му каже на Мурад, иако на своите ученици им изнесувала приказни од Библијата за Исус и им зборувала за значењето на вистинските животни вредности, сепак, таа не смеела да им зборува ништо повеќе, бидејќи ризикувала да има големи проблеми со властите.

„Не знам што да правам“, рекла учителката неколку седмици откако Мурад ѝ ја доверил својата тајна. „Мурад ми ја довери својата визија во тајност, бидејќи неговите родители му браненеле да зборува и да верува во Исуса.“

**Порака на надеж**

Можеби се прашуваме како ќе се шири Евангелието во оние делови на светот во кои тешко го прифаќаат, како што е земјата на потекло на Мурад? Меѓутоа, приказната за ова младо момче ни покажува како Бог може да го направи видливо своето присуство, дури и тогаш кога Неговото име не смее да се спомнува.

Елена Вајт вели дека децата во последните денови ќе имаат значајна улога во ширењето на евангелието. „Кога небесните битија ќе видат дека ширењето на вистината веќе не им се дозволува на луѓето, Божјиот Дух ќе се излее врз децата, и тие во објавувањето на вистината ќе го сторат она што постарите нема да бидат во состојба да го направат, зашто ќе бидат спречувани“ (Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 202).

Невообичаените феномени, како облакот, се некои од начините на кои вниманието на луѓето може да биде насочено кон Исуса во прозорецот 10/40, во кој се наоѓаат областите со најголеми предизвици за ширење на евангелието на светот. Луѓето, исто така, јавуваат дека го виделе Исуса во своите соништа, во кого длабоко веруваат. Многу луѓе го прифатиле Исуса како свој личен Спасител во оваа област, откако Го сонувале.

Визијата на Мурад за крстот во облаците нѐ потсетува на Исусовите зборови, „Тој одговори: ’Ви велам, ако овие замолчат, камењата ќе викаат’“ (Лука 19,40).

Фарисеите барале од Исуса да ги прекори своите ученици поради нивните радосни изјави дека Тој е Месија.

Со овие зборови, Исус им кажал на фарисеите дека дури и камењата ќе викаат дека Тој е Месија, ако Неговите ученици бидат оневозможени да ја изнесуваат таа вистина.

На тој начин, дури и облаците викаат, во деловите од светот во кој евангелието е забрането. Кога Мурад ги видел облаците над својот дом, тој ја разбрал пораката дека Исус е распнатиот Спасител и Откупител. И наставничката на Мурад била убедена дека Исус допрел до срцето на ова момче преку облаците, иако не била сигурна што треба да прави, знаела дека, ако Исус можел да направи облаците да сведочат за Него, тогаш повеќе не би требало да се грижи што понатаму ќе прави.

„Најзначајната работа е дека Бог ќе го заврши своето дело, кое го започнал. Тој ќе го доврши делото кое ние сами не можеме да го довршиме“.

Ве молиме да се молите луѓето да бидат отворени за да ја слушнат и да ја прифатат Божјата порака на љубов во рестриктивните држави, како и во другите делови на светот. Вашите мисионски дарувања помагаат да се допре до душите во овие тешки области на кои им е потребно да ја слушнат пораката на евангелието. Ви благодариме што ја поддржувате мисијата на Христијанската адвентистичка црква.

## Мисионски информации

**Молете се за верниците во областите во Евроазиската дивизија во кои тешко може да се проповеда евангелието.**

**Молете се за оние кои бараат да го запознаат Бога, меѓутоа, не знаат како да Го најдат.**

**Молете се за мудрост и водство на црквата во тешките полиња, додека се трудат да се изнајдат различни начини да допрат до милиони луѓе во Христово име.**



# 3 чуда во болницата

**Русија / 4 ноември 2017**

**Наталија Григирјева, 57**

Крстена сум кога имав 19 години, но подоцна ја напуштив адвентистичката црква. 33 години бев надвор од црквата, но трите чуда кои се случија во болницата, а во која беа вклучени и членови на моето семејство, ме доведоа назад кај Исуса.

### Првото чудо

Првото чудо се случи кога едната од моите сестри, Олга, се разболе. Олга е верничка во адвентистичката црква, и живее во друг

град. Таа мораше да издржи три тешки операции. Кога докторот ѝ рече дека треба да се соочи и со четврта операција, Олга ме повика и побара да се молам за неа.

„Се плашам“, ми рече. Олга ми објасни дека рентгенската снимка покажала некој израсток, и оти тоа личело на канцер.

Клекнав на своите колена и почнав да се молам. Му ветив на Бога дека ќе престанам да пијам алкохол, да пушам цигари и да јадам свинско месо, ако тоа ѝ помогне на мојата сестра. Во текот на наредните две седмици пред операцијата, престанав да пијам, да пушам и да јадам нечиста храна.

На денот на операцијата, Олга ми прати порака преку мобилниот од болницата во која напиша: „Ништо не ми направија во болницата. Си одам дома“.

Изгледаше дека моите најголеми стравови се остваруваат. Олга сигурно има канцер кој не може да се оперира. Ја повикав и ја прашав: „Што се случи? Зошто докторите нема да те оперираат“?

Олга ми одговори: „Пред да ме однесат во операционата сала, докторите сакаа да направат уште една рентгенска снимка. На снимката не можеа да видат ниту еден израсток. Рекоа дека сѐ е во ред“.

Какво олеснување. Му се заблагодарував на Бога секој ден до крајот на неделата. Во сабота наутро, како и обично, отидов на работа. Во мене нешто се побуни. Се чувствував ужасно што го прекршив Божјиот закон и работев во сабота кога Бог го спаси животот на мојата сестра. Станав од своето работно место и решив да одам во адвентистичката црква. Отидов таму, стигнувајќи на време во саботната школа. Мојот ум во истиот момент почувствува мир. Длабоко во мене чувствував како да се вратив дома. Тој ден Му го предадов своето срце на Бога.

**Чудо 2**

Поминаа четири години и тогаш мојата мајка доживеа удар. Јас и моите сестри ја однесовме во болница. Додека ја водевме кон болницата, таа беспомошно гледаше во нас. Таа, некогаш силна жена, верничка на адвентистичката црква, која сама одгледа четири ќерки, сега ништо не можеше да стори ниту да каже, туку само нѐ гледаше.

Во наредните две седмици се молевме за нашата мајка. Нејзината состојба постепено почна да се поправа, но и понатаму беше парализирана. По некое време ја донесовме дома. Еден ден, по неколку

недели откако ја донесовме од болницата, таа наеднаш стана и почна да оди. Нејзината деветгодишна правнука, кога виде како станува и почнува да чекори, воскликна радосно и рече: „Да му се заблагодариме на Бога!“ и тоа и го направивме.

Потоа, во текот на 2016 година, мојот седумдесет и девет годишен татко доживеа повреда во еден друг град. Го удрил автобус додека возел велосипед. Беше однесен во болница во критична состојба. Татко ми, деклариран атеист, се разведе од мајка ми кога имав 13 години, а подоцна повторно се ожени. Престана да разговара со мене кога му кажав дека почнав да одам во црква. Ги фрлаше сите ЦД-а со снимени богослужби и христијански филмови што му ги испраќав.

**Чудо 3**

Сега лежеше во кома во болница. Живеевме далеку, и затоа не можевме да одиме таму и да бидеме покрај него. Кога мојата сестра Олга и мајка ми беа да го посетат, се молеа, како и ние останатите - Бог да го исцели! Мајка ми и сите во нашето семејство се молеа Бог да го држи татко ми во живот доволно долго за да може да се покае. Се молевме да го прифати Исуса.

Во текот на третиот ден од своето лечење во болницата, мојот татко се разбуди од кома, без да се сеќава на она што му се случило. Прашал зошто се наоѓа во болница. Три часа подоцна умрел. Само Бог знае што се случувало во умот на мојот татко во тие негови последни моменти. Меѓутоа, многу сум му благодарна на Бога бидејќи му беше дадена последна прилика за да се покае.

По третиот одговор на молитвата, моето срце навистина беше привлечено кон Бога. Сфатив дека Бог навистина ги слуша нашите молитви и ги услишува.

Луѓето би требало да се молат. Да се молат за своите семејства, за своите деца, за своите родители, за своите соседи. Бог слуша и одговара на искрените молитви на своите праведни деца.

Дел од даровите на тринаесеттата сабота за ова тримесечје ќе одат за изградба на општествен центар во Ростиов на Дон. Придружете ни се во молитвите за овој центар, како и во приложувањето на саботношколските мисионски дарови, за да помогнете да се шири Божјата реч насекаде во светот.

## Брзи факти

**Ростов на Дон е голем пристанишен град. Во деветнаесеттиот век, овој пристанишен град бил главен трговски јазол на јужна Русија, посебно за извоз на пченица, дрвена граѓа и железна руда. Поради својата локација и својата улога во главниот транспортен центар, некои Ростов на Дон го нарекуваат капија на Кавказ.**

**Областа опколу Ростов на Дон произведува 1/3 од сончогледовото растително масло.**



# Нема настава во сабота

**Русија / Ноември 11**
**Никита Киркачев, 22**

Мајка ми, која беше верничка на Христијанската адвентистичка црква, ме поучуваше за Бога кога бев дете, но татко ми, ми бранеше да одам во црква. Ми рече дека можам да правам што сакам, но само откако ќе наполнам 18 години. До тогаш, морав да му бидам послушен.

Кога наполнив 18 години, отидов од својот дом, за да студирам архитектура на универзитетот во градот Ростов на Дон, на југот од Русија. Првата работа што ја направив, откако се распакував, беше таа да ја побарам најблиската адвентистичка црква. Тогаш почнав внимателно да ја проучувам Библијата и да ја празнувам саботата.

### Проблеми со саботата

Речиси моментално, наидов на проблеми со универзитетот. Професорите почнаа да ми испраќаат писма со опомени, секогаш кога немаше да дојдам на настава во сабота. Отсуствував од сите часови во саботите, и така добив многу опомени. Оној студентот што ќе добие многу опомени, ризикува да биде исфрлен.

Татко ми беше многу лут кога дозна да одам во црква, наместо на настава. Ме караше за време на еден долг телефонски разговор. Сфатив дека тој сметал оти ќе го заборавам Бога кога ќе наполнам 18 години и ќе почнам да студирам. На татко ми му реков дека го сакам, но дека Бог го сакам уште повеќе и сакам да Му бидам послушен.

Мајка ми беше среќна што го ставав Бога на прво место. Ми читаше од книгата на пророк Исаија: „Не бој се, зашто Јас Сум со тебе; не обрнувај се исплашено, зашто Јас Сум твој Бог. Јас те крепам и ти помагам, те потпирам со победничка десница" (Исаија 41,10). Мајка ми се молеше за мене, а и јас исто така се молев.

Го прашав деканот на универзитетот за можноста да нѐ посетувам настава во сабота. Меѓутоа, деканот ми рече дека не може да прави таков исклучок поради мене. Ми рече дека другите студенти би го обвиниле дека има свој миленик.

Без каква било друга можност, решив да го прашам секој професор лично за дозвола некој друг ден да го надоместам мојот изостанок од часовите во сабота. Ваквиот пристап функционираше околу две години. За многу испити, кои исто така ми се паѓаа во сабота, ми беше дадена можност да ги полагам во некој друг ден во текот на седмицата.

Моите колеги не ме разбираа во почетокот. Меѓутоа, почнаа да ме поддржуваат и да зборуваат во моја полза, заштитнички обраќајќи им се на професорите. Неколку професори не ме сакаа. Не разбираа зошто ја избрав црквата наместо студиите. Почнав да се грижам дека можеби ќе бидам исфрлен. Знаев дека образованието му беше значајно на татко ми, и не сакав да го разочарам.

**Ултиматуми**

Еден ден деканот ме повика во својата канцеларија и пред мене постави ултиматум од кој долго стравував. „Ако изостанеш само од уште еден час во сабота, ќе бидеш исклучен од универзитетот".

Во црквата се молевме за Божјо водство во таа немила ситуација. Двајцата пастори отидоа да го посетат деканот и да му објаснат зошто отсуствувам од наставата во саботите. Бог интервенираше. Деканот рече дека можам да останам, под услов да се ангажирам во дополнителни наставни активности на универзитетот. Бараше да помагам и да организирам неколку здравствени предавања.

Работите малку се смирија, но само за некое време. Деканот го

напушти факултетот, и моите проблеми повторно почнаа.

Најголемиот проблем беше, кога една професорка одби да ми дозволи да го полагам нејзиниот испит, бидејќи не сум бил на ниту едно нејзино предавање во текот на целиот семестар, зашто наставата се одвиваше во сабота. Моите колеги ми ги даваа материјалите од нејзината настава и задолжителните семинарски работи што требаше да се направат. Кога на професорката ѝ објаснив зошто не можев да одам да го полагам завршниот испит во сабота, таа рече: „Дојди на настава во сабота или воопшто немој да доаѓаш“.

Мислев дека тоа е крајот на моето образование. Деканот не ми даде никаква поддршка, а ни професорката не сакаше да ми помогне, бидејќи завршниот испит го стави во сабота. Копнеев Бог да интервенира.

**Промена на срцето**

Кратко време откако се молев, професорката помина покрај мене во ходникот. Тогаш застана, се сврте кон мене и рече: „Дојди во мојата канцеларија и покажи ми го твојот труд“.

Тоа беше истата професорка која одбиваше да работи со мене цел семестар. Одеднаш, сега сакаше да го види мојот труд. Бог делуваше на нејзиното срце. Успешно го положив нејзиниот предмет.

Преку сите овие предизвици со кои се соочував поради саботата, научив да го следам Бога и во потполност му се предавам Нему.

## Брзи факти

**Денешниот Ростов на Дон е изграден на некогашниот Танаис, старогрчки град кој подоцна станал град утврдување Tana pod mlečanima, а е наречен Азак во време на отоманската империја. Во градот и околните области се наоѓа разновидно духовно наследство. Доминантна е руската православна црква, меѓутоа, постои и значаен број верници на католичката црква, верници на еврејската заедница, будисти, еременски христијани, како и протестанти.**

**Неколку познати писатели се поврзуваат со Ростов на Дон, меѓу кои се Антон Чехов, Михаил Шолохов, Александар Пушкин, Максим Горки и Александар Шолзенѓицин.**

Благодарен сум на Бога што ми даде прекрасни искуства и ја зајакна мојата доверба и надеж за иднината.

Наскоро ќе дипломирам и ќе најдам работа. Не се плашам од иднината од две причини: Бог е верен во исполнувањето на своите ветувања и ќе ме поддржи со својата праведна рака! А, последниот испит пред дипломирањето најавија дека е биде во работен ден.

Дел од даровите за ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на општествен центар во Ростов на Дон, во кој студентите како мене, ќе можат да се собираат и да разговараат за Христа. Ви благодарам што го поддржувате евангелието со вашите саботношколски мисионски дарови.



# Прошетка по гробиштата

**Таџикистан / 18 ноември 2017**

**Сурајо Куџамкулова, 34**

Како тинејџерка, Сурајо одела во адвентистичката црква две години. Кога наполнила 18 години престанала да оди во црква и со време заборавила на Бога, посветувајќи се на својата кариера како медицинска сестра. А, потоа се омажила. Меѓутоа, бракот не ѝ ја донел очекуваната среќа. Нејзиниот сопруг се коцкал, користел дрога и често ја тепал.

Во одреден миг, кога била посебно тажна, Сурајо ја пронашла Библијата што ѝ ја подарил некој адвентист пред многу години. Ја отворила и почнала да читала: „ Што можев уште да направам за Своето лозје па што веќе не го направив? Се надевав дека ќе роди добро грозје, а ете, роди кисело грозје?“ (Исаија 5,4). Овој стих го прочитала уште неколку пати.

Очите на Сурајо се исполниле со солзи. Чувствувала дека Бог ѝ кажува дека таа е лозјето Господово, но Го изневерила. Тогаш се помолила: „Боже, ако треба да останам со мојот сопруг, Те молам, направи да престане да ме тепа, и направи да можеме заедно да Те славиме.

Ако треба да го оставам, овозможи ми на мирен начин да го направам тоа, бидејќи сакам да ти бидам верна и да живеам за Тебе“.

Кратко време по оваа молитва, Сурајо му изјавила на својот сопруг. „Сакам некој друг повеќе од тебе, некој, кој е повеќе од обична личност“.

Триумфално прекинувајќи ја, сопругот ѝ рекол: „Знаев дека постои некој друг!“

„Не, не е така како што мислиш ти. Јас го сакам Исуса, и сакам и ти да Го засакаш“, му рекла Сурајо.

„Ти треба да го сакаш Мухамед, тој е наш пророк, а не Исус“, одговорил нејзиниот сопруг.

„Не е работата во тоа кој е пророк, Исус е повеќе од пророк. Тој е наш Спасител“.

**Опасна одлука**

Неколку дена подоцна, сопругот на Сурајо, во состојба на предозираност, изгубил поголема сума пари во обложувалницата. Решил дека е подобро да оди во затвор, отколку да се соочи со срамот да не може да ги плати своите долгови. Така одлучил уште додека бил под дејство на дрогата, и дека најлесно ќе може да оди во затвор само ако ја убие Сурајо. Ја повикал на една доцна прошетка.

Месечината била толку убава што Сурајо не ни обрнувала внимание на долгата прошетка. Била изненадена кога видела дека одат кон гробиштата. А, потоа почувствувала нешто остро и ладно на својот врат. Тоа било нож! Нејзиниот сопруг се обидел да ѝ го пресече вратот!

Сурајо во тој момент ја грабнала неговата рака ѝ рекла: „Зошто се обидуваш да ме убиеш? Не вреди да одиш во затвор поради мене“.

Дошло до борба и, додека се бранела, раката на неколку места ѝ била пресечена. Тогаш гласно завикала кон Бога: „Исусе, спаси ме! Сопри го!“ Потоа се онесвестила.

Неколку часови подоцна се разбудила во својот кревет. Сопругот ѝ рекол дека ја донел дома. Таа уште истиот момент му рекла дека повеќе не сака да живее со него. Тој не се противел и брачната двојка се разделила.

Поминала една седмица од моментот кога Сурајо ветила дека ќе го следи Бога ако ѝ помогне на најмирен начин да се разведе. Меѓутоа, заборавила на своето ветување дека ќе го следи Бога.

Сурајо изнајмила стан и нашла работа како медицинска сестра, работејќи ноќна смена во болницата. Во еден миг се сетила на своето ветување. Почнала да се моли: „Ако сакаш да Те следам Тебе, кажи ми во која црква да одам? Која е онаа вистинската, онаа во која си Ти?"

**Погрешен автобус**

Едно саботно утро, по долгата ноќ во болницата, Сурајо ненамерно влегла во погрешен автобус. Не ја забележала својата грешка, додека автобусот не стигнал на последната станица. Погледнала околу себе, обидувајќи се да сфати каде се наоѓа. Наспроти себе ја забележала адвентистичката црква. Сфатила дека тоа што влегла во погрешен автобус не било случајно; Бог ја довел на ова место, таму каде што била адвентистичката црква.

Било саботно утро, и богослужбата штотуку почнувала. Сурајо влегла во зградата и сфатила дека тоа е местото на кое Бог сака таа да биде. Од тој ден, никогаш повеќе не ја напуштила црквата.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за програмите за сведочење во Таџикистан, земја со 8 милиони жители, но само со 204 христијани адвентистички. Ви благодариме што се сеќавате на Таџикистан во своите молитви, додека ги приложувате саботношколските мисионски дарови.

*(Подетални информации за Сурајо можете да прочитате на адвентистичката мисионска веб-страница bit.ly/Jesus-in-Tajikistan и детската приказна во неа на 22 страница од детското мисионско списание).*

## Мисионски информации

**Таџикистан е планинска земја во централна Азија, без излез на море, со околу 8 милиони жители. Поголемиот број од населението се етнички Таџиџи, кои зборуваат на персискиот дијалект таџик. Бидејќи биле дел од Советскиот Сојуз 70 години, многу Таџиџи го зборуваат и рускиот јазик.**

**70% од популацијата е под 30 години старост.**

**Национален спорт во Таџикистан е „гуштигири", традиционална форма на борење.**




# Да се допре до момчињата преку фудбалот

**Таџикистан / 25 ноември 2017**

**Бахридин Сангинов**

*(Бахридин веднаш ја прифатил идејата да работи со децата и да создава пријателства кои се простираат и нивните родители)*

Момчињата од соседството кои играат фудбал под контрола над адвентистички фудбалски тренер во Таџикистан, освен што се грижат да не заработат жолти или црвени картони, се грижат и да не добијат специјални сини картони. Тренерот Бахридин ги казнува со сини картони кога ќе слушне дека некој играч рекол некоја пцост. Ако играчот добие два сини картони, моментално излегува од игра.

На родителите им се допаѓа таквата дисциплина која Бахридин ја спроведува со своите играчи. Забележале дека децата повеќе им помагаат дома, поради дисциплината што ја научиле на фудбалскиот терен. Момчињата помалку пцујат и помалку време поминуваат пред компјутерот играјќи игрички.

**Нов начин на сведочење**

Овој фудбалски тим е дел од напорите кои адвентистичката црква ги вложува за да допре до своите соседи во Таџикистан, земја во централна Азија. Ова е претежно исламска земја со само 204 христијани адвентисти. Повеќе од 1.000 верници на црквата го напуштиле Таџикистан поради нестабилноста во изминатата деценија. Водачите на црквите велат дека многу тешко можат да сведочат за Христа, бидејќи јавните евангелизации се забранети.

Меѓутоа, црковните водачи се надеваат дека по 18-те луѓе кои се крстени во текот на 2016 година, како резултат на молитвите и различните програми, црквата ќе почне да напредува. Црковните водачи работат на развивањето на различни програми, како е што оваа

со фудбалскиот тим, работат на основање училишта на англиски јазик, здравствени предавања, на ширењето на семејните вредности. Исто така, ја поддржуваат работата на малиот, но популарен велосипедски клуб.

Овие програми даваат можност за развивање на пријателството со соседството, и придонесуваат кон подобрување на условите во општеството.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за програмата за сведочење на луѓето со помош на фудбалскиот тим.

**Случајна мисија**

Фудбалскиот тим игра на теренот во близина на една адвентистичка зграда во главниот град на Таџикистан, Душанбе. Тимот е формиран во 2015 година, кога децата од соседството виделе како Бахридин игра, и побарале од него да им биде тренер. Бахридин моментално ја прифатил оваа идеја, да работи со деца и да создава пријателства кои можат да се прошират и на нивните родители. Неговиот проект не барал многу трошоци – само 3 фудбалски топки, свирче и стоперка.

Нешто подоцна добил и сертификат од азиската фудбалска конфедерација, врховно фудбалско тело во Азија, за да може да тренира деца.

Тој ги тренира децата два до три пати неделно, подготвувајќи ги за натпревари. Секој тренинг од 90 минути го почнува со 15-минутна поука. Момчињата, на возраст од 11-13 години, престанале да употребуваат дрога или други штетни супстанци отако почнале редовно да се занимаваат со спорт.

Ниту еден син картон поради пцовки не бил покажуван во натпреварите што ги играла адвентистичката мисија. Мотивирани и полни со елан, момчињата решително трчале по топката додека врнел ситен дожд. Со широка насмевка ги прифаќале сите совети што им ги упатувал тренерот. Овој натпревар го гледале уште неколку момчиња, со видлива желба да бидат повикани да играат. Бахридин рекол дека момчињата, кои го гледаат натпреварот, имаат можност да му се придружат на тимот.

По одиграните натпревари, родителите го повикуваат тренерот во своите домови на чај и разговор. „На родителите им е мило што

нивните деца сериозно тренираат. Често доаѓаат и ми велат, навистина ни е мило што го организиравте овој тим, го тргнавте нашиот син од улицата, ставајќи го на вистинскиот колосек“.

Ве молиме да се молите за фудбалскиот тим, не за да победува на натпреварите, туку да ги придобива срцата. Ви благодариме што со своите саботношколски мисионски дарови ги поддржувате програмите во Таџикистан и насекаде во светот.

## Мисионски информации

**Таџикистан себеси се смета за секуларна држава, со устав кој овозможува слобода на религијата, но 98% од населението е од исламска вероисповед.**

**Првите адвентисти кои во 1929 година дошле во Таџикистан, биле Иван и Васил Космњин. Во Таџикистан има само 204 христијани адвентисти, што преставува однос од еден адвентист на секои 39,215 луѓе. Верниците бараат нови идеи за да може на практичен начин да се допре до своите ближни, а Бог ја отвора вратата.**



# Дали вреди да се биде добар?

**Украина / Декември 2**

**Роман Продањук**

Тома е бизнисмен од Грузија. Заштедил 15,000$ и сакал да си купи нова кола. Чувствувал огромна потреба парите да им ги даде на некои роднини кои имале тежок период. Иако се обидувал, не можел да се ослободи од тие мисли. Тие мисли по цели ноќи го држеле буден и му отежнувале да се фокусира на работата што ја извршувал во текот на денот. Како некој да му зборувал дека треба да им помогне на своите роднини.

На крајот попуштил. Со посредство на некој пријател, пронашол сезонска работа во Холандија за своите роднини. Ги платил трошоците за нивните авионски карти до Холандија, и им го поделил остатокот од парите.

Роднините биле изненадени од неговото дело. „Како можеме да ти се заблагодариме?“, го прашале. „Тоа и не е подарок. Работете и вратете ми ги парите, а потоа ќе можам да си купам кола“.

**Должниците разочаруваат**

По некое време, роднините почнале да заработуваат добри пари во Холандија. Тома побарал да му го вратат долгот, но тие одбиле. Престанале да се јавуваат не неговите телефонски повици.

Тома бил лут. Одлетал во Холандија и му рекол на својот деловен пријател кој ги вработил роднините, да ја стопира исплатата на нивните плати, сè додека не го подмират својот долг. Потоа се вратил назад во Грузија со 15,000$ готовина. Меѓутоа, нешто ги расипало неговите планови да купи кола. Некој му украл половина од парите.

Еден ден, Тома бил на службен пат во Киев, главниот град на Украина. Забележал повеќе од десетина деца во паркот како си играле. Се приближил и дознал од возрасната личност која се грижела за овие деца, дека Христијанската адвентистичка црква, која се наоѓа преку улицата, организирала посебен детски фестивал за сите деца од соседството. Возрасната личност се претставила како пастор Роман.

Тома бил исполнет со негативни мисли за своите роднини, и моментално ја раскажал својата приказна, како неговото добро дело било возвратено со лошо. „Што мислите вие за тоа“, го прашал својот соговорник. „Дали по сето тоа што ми се случи, вреди да се биде добар и да се прави добро?“

Во тој момент, пасторот се сетил на неколку библиски текстови.

Пасторот Роман се свртел кон Тома и му рекол: „Мислам дека изоставивте еден важен детал од вашата приказна. Пред да им помогнете на вашите роднини, тие го обвинуваа Бога за својата сиромаштија, зар не?“

„Како знаевте?“ – прашал Тома изненадено. „Токму така и беше!“

„Јас тоа го знам, затоа што е запишано во Библијата: „ Далеку од тоа! Но, Бог нека е вистинит, а секој човек лажец, како што е напишано: ’Да бидеш оправдан во своите зборови и да победиш кога се судиш’“ (Римјаните 3,4).

„Вашите роднини го обвинуваа Бог за својата сиромаштија, но Бог им даде можност да заработат доволно пари и да започнат нов живот". По овие зборови, пасторот не запрел туку продолжил. „Втора работа која што не ми ја кажавте е тоа дека вашите родинини, откако се вратиле во Грузија, повторно го обвинуваат Бог за својата сиромаштија".

„Токму така и се случи! Но, како вие знаете за сето тоа?" Јас тоа го знам затоа што и тоа стои запишано во Библијата, „Со измама придобиено богатство исчезнува" (Мудри изреки 13,11 - првиот дел).

**Изненадувачко пророштво**

„Постои уште една, последна работа што не ми ја кажавте. Кога се вративте во Грузија, горчливо разочарани по вашиот пат во Холандија, вашиот бизнис почна да цвета".

„Како може сега и ова да го знаете"? – прашал Тома. „Имав толку успеси во работата, за што и самиот сум изненаден".

Знам, затоа што тоа е запишано во Приказните Соломонови, „На Господ му позајмува кој е милостив кон бедниот, и Тој ќе му го плати добротворството" (Мудри изреки 19,17).

Тома бил восхитен од сѐ она што го слушнал, но не можел да ја сфати целокупната слика. Го прашал пасторот подетално да му објасни.

Пасторот Роман објаснил: „Вашите роднини беа сиромашни и Го обвинуваа Бога за своите проблеми. Бог одлучил да им даде прилика, за да немаат право да Го осудат на Судниот Ден. Бог барал некој, да им даде пари. Тоа бил моментот кога Светиот Дух ви велеше да им помогнете на роднините. Почувствувавте толку силна желба да им помогнете, што не можевте да се спротивставите. Меѓутоа, вашите роднини беа нечесни и не ја искористија приликата. Така, на Денот на Судот нема да можат да се оправдаат, ако Бог не им дал шанса. И вие исто така ќе се појавите на Денот на Судот, и можеби ќе сакате да прашате – зошто Боже им направи добро и милост на моите роднини, а не на мене? Бог сигурно ќе ти одговори: Што ти должам јас? Иако твоите роднини беа несериозни, Јас ти го вратив заемот. Ти ги вратив парите што ти ги даде".

На тие зборови Тома заплакал, „Бог не само што ми ги врати парите, Тој ми врати три пати повеќе!" Пасторот Роман тивко прашал: „Значи, дали вреди да се прави добро?"

„Да“, рекол Тома. „Не постои ниеден друг начин на кој оваа целокупна ситуација може да се согледа“.

Ви благодариме што во своите молитви ќе се потсетите на адвентистичките пастори, кои ја извршуваат својата мисија и им сведочат на другите луѓе и што со својот дар ќе ја поддржите мисијата на Христијанската адвентистичка црква.

*(Роман Продањук, претседател на Киевската област на христијанската адвентистичка црква)*



# Сведочење за Исус во возот

**Украина / 9 декември 2017**

**Николај Жакаљук, 84**

Да се биде христијанин, не значи само со зборови да се исповедаат личните верувања, туку тоа значи животот да се живее на вистински начин, за да можат луѓето кои се околу нас, кога нè гледаат, да видат дека сме поинакви. Потоа, обично поставуваат прашања, а вие можете да зборувате со ентузијазам бидејќи го знаете одговорот. Меѓутоа, ако никој ништо не ве прашува, тогаш немате причина да зборувате.

**Активен регрутер**

Јас изнаоѓам можности да ги наведам луѓето нешто да ме прашаат. Сметам дека не е во ред да се започне разговор со дискусија за саботата или за некоја друга доктрина. Наместо тоа, јас сакам луѓето да видат дека имам нешто што им е потребно.

Пред некој ден, се качив на воз во Лавов за ноќно патување до Киев, главниот град на Украина. Резервирав кревет во купе за двајца во вагон за спиење, а другата личност со која го делев купето беше жена.

Кога се запознавме, ѝ реков, „Да се запознаеме, бидејќи ќе поминеме патувајќи неколку часа. Дали сте од Лавов или службено бевте

во Лавов?“ – ја прашав госпоѓата.

Жената одговори, „Јас не сум од Лавов, јас сум од Киев и сега патувам дома“. Се насмевнав и реков, „Јас сум од Лавов и патувам во Киев“.

„Зошто одите во Киев?“ – ме праша љубезно и љубопитно.

Ѝ реков дека сум некогашен црковен службеник и дека имам многу пријатели во светот. Кога моите родители ќе дојдат во Украина, понекогаш ме повикуваат да се сретнеме во Киев. Ѝ реков дека на странците повеќе им одговара да дојдат во Киев, и јас навистина се радувам што ќе ги видам. Со овие зборови ѝ ја изнесов мојата кратка биографија.

**Придвижување на интересот**

Моите зборови ја заинтересираа жената. Рече: „Се викам Наца. Во која црква сте работеле?“

Не ѝ одговорив веднаш. Наместо одговор, се насмевнав и прашав: „А, во која црква одите вие?“

„Не одам во ниту една црква, но себеси се сметам за православна“, одговори таа. Госпоѓата Наца ми објасни дека работи како психолог, и дека е специјализирана за работа со лица кои биле трауматизирани при актуелниот конфликт во источна Украина. Потоа рече: „Сфатив дека не сте православен христијанин. Во што е разликата меѓу православната и вашата црква?“

„Православните христијани одржуваат богослужби во недела, а ние одржуваме богослужби во сабота“

„На што мислите кога велите дека богослужбите ги одржувате во сабота?“

„Дали сте ја читале Библијата“, ја прашав.

„Да, сум ја читала“.

„Дали сте слушнале за Десетте заповеди“?

„Да“, одговори замислено. „Не кради, не убивај...“

„Добро, четвртата заповест зборува за саботата“, ѝ реков.

Разговорот продожи уште долго. Сфатив дека така би можеле да разговараме цела ноќ, и затоа ѝ предложив малку да отспиеме. Госпоѓа Наца сакаше да дознае уште повеќе информации прашувајќи ме во која книжарница во Киев би можела да пронајде некои од моите книги, бидејќи во текот на мојот разговор ѝ споменав дека сум автор на 15 книги.

**Да се остане во контакт**

Госпоѓата изрази разочарување кога ѝ кажав дека книгите не се печатени. Меѓутоа, ветив дека ќе ѝ испратам некоја книга по пошта, ако ми остави свои контакт-информации.

Ми ја напиша својата адреса и телефон. Кога стигнавме во Киев, наредното утро, ме запозна со својот сопруг, кој ја чекаше на железничката станица.

Таа и нејзиниот сопруг ми помогнаа да ги однесам моите торби до чекалната во станицата и ми рекоа дека, ако никој не дојде по мене, слободно да ги повикам.

„Ќе се погрижиме за вас“, ми рече госпоѓа Наџа.

Ова е мисионско сведочење! Сега имам нова пријателка која е желна да дознае многу повеќе за Бога и за неговите вистини. Ќе продолжам да го одржувам контактот со неа.

Вашите мисионски дарувања ќе овозможат да се обезбеди литература за луѓето насекаде во светот, кои се гладни да ја дознаат вистината. Ви благодариме што ќе ја имате мисијата на црквата во своите молитви и што ќе ги приложите своите мисионски дарувања.

*(Никола Жукаљук има 84 години. Тој е некогашен претседател на Христијанската адвентистичка црква во Украина. Поради својата вера, два пати бил во затвор за време на бившиот Советски Сојуз. Повеќе информации за него, можете да прочитате на адвентистичкиот мисонски сајт* bit.ly/nikolaizhukalyuk).

## Мисионски информации

**Повеќето жители на Украина себеси се сметаат за православни христијани. 2,2% од популацијата се христијани од протестантските цркви, 2% од католичката вера, а 1% од исламска вероисповед. Околу 11% од популацијата не спаѓаат во ниту една религиозна група.**

**Околу 47,500 христијани адвентисти живеат во Украина. Овој број претставува нешто помалку од половина од вкупниот број верници во дивизијата. Тоа значи дека во Украина односот е 1 христијанин адвентист на секои 900 луѓе.**



# Три молитви

**Молдавија / 16 декември 2017**

**Надежда Раја, 54**

Со мојот сопруг живеевме покрај адвентистичката црква. Често можев да ги видам луѓето како одат низ улицата држејќи ги своите Библии на градите. Почнав да размислувам дека нешто ми недостасува во животот, бидејќи не знаев што содржи Библијата. Ова се случуваше во периодот кога Советскиот Сојуз беше пред колапс. Библиите не беа достапни и јас немав Библија.

Сакав да истражувам и што повеќе да дознаам за тоа и тајно посетував едно адвентистичко семејство и ги слушав додека ја читаа Библијата. Не сакав никој да дознае, бидејќи луѓето во мојот град им се потсмеваа на адвентистите.

**Библија која не е православна**

По некое време, од адвентистичкото семејство побарав Библија. Добив една и бев изненадена бидејќи изгледаше дека саботата се појавува на секоја страница. Си мислев дека оваа Библија сигурно не е православна.

Станав љубопитна околу тоа, кој е вистинскиот ден за богослужба. Дали тоа беше саботата како што пишуваше во Библијата, или неделата, како што сметаше моето православно соседство?

Мајка ми ми рече да одам во блискиот град и да побарам еден православен свештеник. „Тој е искрена личност, ќе ти ја каже вистината“, ми рече.

**Разговор со свештеникот**

Го пронајдов свештеникот, му ја изнесов својата дилема, и му реков. „Купив Библија, која ми изгледа како да е адвентистичка, и сакам да ја споредам со вашата православна.„Свештеникот побара од еден човек да му донесе Библија. Додека чекавме, го прашав,„што вели Библијата, кој е вистинскиот ден за богослужба?“

Ми одговори, „Ако сакаш купи ја Библијата, и погледни сама.“

„Не, ве молам, кажете ми. Сакам да слушнам од вас“. Го молев, но тој одбиваше да ми даде едноставен одговор.

Најпосле, некој ја донесе Библијата, и јас му платив на свештеникот 30 рубљи, што беше значајна сума во тоа време. Ме обзеде страв додека ја напуштав православната црква, бидејќи се прашував што ќе каже мојот сопруг кога ќе дознае дека сум потрошила толку многу пари за Библија.

Решив да не одам веднаш дома, туку најпрво да одам кај мајка ми. Додека патував, се сретнав со мојот постар брат и му ја раскажав целата приказна. Ги споредивме двете Библии, уште на улицата додека стоевме, и видовме дека текстовите се идентични и во двете книги. Со страв размислував што направив? Потрошив толку многу пари, а Библиите беа исти. Се молев мојот сопруг да не дознае за тоа.

Неколку минути подоцна, брат ми изјави дека сака да ја купи мојата нова Библија и ми даде 30 рубљи. Не можев да поверувам. Бог одговори на мојата молитва.

**Одбивниот сопруг**

Дома, сопругот не ја поддржуваше мојата желба да станам адвентист. Не одевме во ниту една црква, и тој не сакаше сега да почне да го прави тоа. Почнав да се молам за него.

Во времето кога бев крстена, на градите на мојот сопруг се појави големо кожно воспаление. Беше гадно дури и само да го гледаш. Секогаш кога ги чистев неговите рани, барав од Бога помош. Се сеќавам како солзите паѓаа на неговиот грб додека се молев, велејќи, „тој е мој сопруг и јас го сакам“. Помина некое време, а потоа, еден ден, додека ги чистев неговите рани, извикав, „што се случило со твојот осип“?

Мојот сопруг одговори дека не знае. Осипот беше исчезнал во потполност.

По овој настан, мојот сопруг почна да размислува за лутината што ја чувствуваше кон мене, кога ќе му ја споменев црквата. Една ноќ сонил сон во кој го видел второто Христово доаѓање. Почувствувал како земјата се пресе под Него. Се разбуди, се сврте кон мене и праша: „Дали имаме време да бидеме крстени?“

И мојата втора молитва беше одговорена. Мојот сопруг беше крстен 10 години по моето крштавање.

**Стара пријателка**

Потоа почнав да се молам за една стара драга пријателка од моите училишни денови. Не бев ја видел дваесет години, а се молев за нејзиното спасение. Еден ден, со сопругот отпатувавме во главниот град на Молдавија, на специјална свеченост во главната адвентистичка црква. На свеченоста, на мене налета пријателката за која што се молев,. Ја прашав: „Што правиш ти меѓу овие адвентисти?“

Ми одговори, „И јас исто така сум адвентист“.

„Но, како“? – ја прашав

„Ти пред 20 години ми рече дека Христијанската адвентистичка црква е вистинската црква“.

„Тоа не е можно! Јас тогаш не ни знаев за адвентистите“

Инсистираше на тоа дека јас сум ја запознала со црквата.

Единственото објаснување за ова е, дека кога сме разговарале за христијанството, Бог дејствувал на неа, што наместо зборот христијани го слушала зборот адвентисти.

По тој наш разговор, мојата пријателка тргнала на духовно патување, кое ја довело до адвентистичката црква.

Бог одговори на мојата молитва за нејзиното спасение 20 години пред јас да го побарам тоа од Него.

**Тоа е силата на молитвата.**

Сега се молам за здравственото одморалиште од Советското доба, кое адвентистичката црква сака да го претвори во извиднички камп и обласен центар на црквата, со парите кои ќе бидат добиени од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје. Придружете ми се во поддршката на овој значаен проект.

## Брзи факти

**Молдавија е една од најсиромашните држави во Европа. Нејзина примарна индустрија е земјоделството. Официјален јазик во Молдавија е романскиот. Јазикот е сличен со италијанскиот, францускиот, шпанскиот и португалскиот.**

**Главен град на Молдавија е Кишињев, во кој живеат околу 500,000 луѓе.**

**Транта (форма на борење) е национален спорт во Модавија.**

# Случај против Бога

**Молдавија / 23 декември 23**

**Виктор Буфтек, 40**



Во мојата татковина Молдавија, каде што работев како државен обвинител, животот беше тежок. Купив полски пасош на црниот пазар и се преселив во Ирска за да започнам нов, подобар живот.

А, потоа дознав дека мојот молдавски цимер е христијанин адвентист.

**Напорен цимер**

Александар ме доведуваше до лудило со своето постојано читање на Библијата. Кога и да тврдев дека верувањето на мојата црква од детството е правилно, Александар ја отвораше својата Библија и наоѓаше текст со кој ми покажуваше дека грешам. Не можев да го убедам да ја празнува неделата и да јаде нечиста храна. Се чувствував како да имам голем недостаток, бидејќи Александар секој ден ја читаше својата Библија. Ми рече дека ја прочитал целата Библија 8 пати, во 8 години од неговото крштевање. Јас никогаш не бев ја отворил Библијата.

Го предизвикав Александар да ми докаже дека Библијата не била менувана во последните 2000 години. Ми даде 5 книги за археологијата и историјата на Библијата. Ги читав тие книги додека патував до Даблин на работа, а тоа патување траеше 90 минути натаму и 90 минути назад од работа. Сфатив дека нема промени во Библијата.

Потоа одлучив и си реков дека Александар чита од некоја специјална адвентистичка Библија. Набавив своја Библија и ги споредував стиховите. Сè беше идентично.

**Да докаже дека Александар греши**

Во петок навечер бев посебно вознемирен, кога ќе го видев Александар како се подготвува за почетокот на саботниот ден. Не можев

да разберам како може Александар, еден обичен заварувач, да знае толку многу за Библијата. Решив да ја проучувам Библијата и да докажам дека Александар греши. Го користев своето знаење од правото, за да најдам некој доказ и да изградам случај. Напишав 100 прашања со кои ќе го соочам, меѓу кои:

- Зошто сабота, а не недела?
- Зошто да не се јаде свинско месо?
- Зошто се пророштвата од Данило 2. глава?

**Променето срце**

Додека ја читав Библијата, најдов одговор на сите мои прашања. Моите очи беа отворени и можев да видам дека црквата од моето детство беше далеку од вистината. Сфатив дека требаше да признаам оти грешев, и да почнам да го следам Бога, трнувајќи од празнувањето на саботата.

Александар беше шокиран кога му реков дека сакам да одам во црква со него. Една година подоцна решив да се крстам.

Моето семејство дома не беше среќно кога разбра дека сум ја променил црквата. Моите пријатели во Ирска сметаа дека сум полудел, но ништо не можеше да ме сопре. Најзначајна работа во мојот живот беше да престојувам во Христа и да одам со Него.

**Гонејќи ме кон чесност**

Александар почна да ме опоменува за мојот полски пасош набавен на црниот пазар, и кој ми овозможи да живеам во Ирска. Дојдов до заклучок дека треба да бидам послушен како на Божјите, така и на човечките закони. Го скинав пасошот и го фрлив. На тој начин останав само со својот молдавски пасош, кој не ми овозможуваше да живеам во Ирска. Било кој полицаец да ме застанеше, можеше да ме депортира надвор од Ирска.

Се молев, „не знам дали сакаш да останам овде или да се вратам во својата земја, но нека биде Твојата волја“.

Во тоа време немав работа, и беше невозможно да се најде работа без пасош. Меѓутоа, кратко време по мојата молитва, добив понуда да работам како ноќен чувар во еден фитнес клуб. Ми беше дадена и слободна сабота.

Потоа се молев, „Боже, јас сакам да плаќам данок како и сите останати и сакам да бидам чесен. Сакам на царот да му го дадам царевото“.

Влегов во канцеларијата на даночната служба со мојот молдавски пасош, решен да добијам жиро сметка, која би ми овозможила да го плаќам данокот. Пред мене, стоеше една брачна двојка од Летонија, која слабо зборуваше англиски јазик. Службеникот долго разговараше со нив. Станав нервозен додека чекав во редот. Се прашував, што ли ќе каже службеникот кога ќе дознае дека живеам во Ирска илегално. Кога летонската брачна двојка конечно си замина, му го подадов својот пасош на службеникот, и му објаснив дека сакам да добијам жиро сметка, за да можам да плаќам данок. Службеникот само погледна на редот од луѓе собрани зад мене и ми го врати пасошот, давајќи ми го формуларот што требаше да го пополнам. Не го ни погледна пасошот! Една недела подоцна, по пошта добив жиро сметка и почнав да плаќам данок. Моите пријатели не можеа да веруваат дека добив жиро сметка.

Кога неколку години подоцна се вратив во Молдавија, ирската даночна служба дури и ми врати дел пари, од претплатениот данок.

Во Молдавија се стекнав со магистерска диплома, и сега работам како правен советник за една германска компанија. И понатаму имам слободни саботи и редовно ги плаќам своите даноци. Денес, со Божја милост, послушен сум на Божјиот и на човечкиот закон, бидејќи Бог обилно ме благослови.

## Мисионски информации

**90% од популацијата на Молдавија од 3,5 милиони луѓе се изјаснуваат како православни христијани.**

**Молдавија има 9,000 верници на Христијанската адвентистичка црква, и тоа претставува однос од 1 адвентист на секои 388 луѓе. Ова претставува најголем однос во евроазиската дивизија.**

**Додека, од една страна Молдавија има 328 цркви, од друга страна има само едно адвентистичко училиште во целата држава. Тоа училиште се наоѓа во едно село на 80км од главниот град.**

# Идни проекти на 13-тата сабота

| | |
|---|---|
| Почетна песна | „Зрели се полињата“ бр. Од песнарката на христијанската адвентистичка црква |
| Добредојде | Водачот на саботната школа |
| Молитва | |
| Програма | „Таткото потполно се променил“ |
| Дар | „Замолете ги децата додека се приложува дарот да ја пеат песната „Пеј Алелуја на Господа“ на руски јазик (види страница 27 од списанието – Детска мисија) |
| Завршна песна | „Доведи ги Боже кај себе“ Песнарка на христијанската адвентистичка црква, бр. 653 |
| Завршна молитва | |

***Учесници:*** *1 наратор и 2 говорници, кои ќе ја претставаат приказната. Човек и тинејџерка.*

*(**Забелешка:** учесниците не мораат да ги читаат напамет своите делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мораат сè да читаат од скриптата. Извежбајте ја целокупната програма, за да можат учесниците да се почувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она кое сметаат дека е важно).*

**Нараторот:** Ова тримесечје запознавме луѓе од Евроазиската дивизија, полиња кои се простираат преку половината од светот, пред континенти и се шират од поларните области на север, до бујните планински долини и пустини на централна Азија. Меѓутоа,

додека слушате на кој начин ги водел Бог, сетете се како ве водел вас и замислете како води милиони луѓе во Евроазиската дивизија. Додека размислувате на тој начин, прашајте го Бога, на кој начин можете да помогнете за да се шири евангелието, како во ова поле, така и во вашето.

## Таткото во потполност се променил

**Дмитри Косташ и неговата ќерка Ањила**

*(Оваа вистинска приказна нека ја претстават еден возрасен човек и тинејџерка)*

**Ањила:** Се викам Ањила. Имам 18 години и живеам со своите родители и 14-годишниот брат во еден мал град во северна Молдавија. Ова е мојот татко Дмитри. Тој некогаш постојано беше нервозен и нерасположен.

**Дмитри:** Добро утро: Јас се школував да бидам наставник по музика. Меѓутоа, не можев да најдам работа, така што работев како чувар на едно приватно езеро. Мојата работа беше да ги хранам рибите и да го чувам езерото од илегалните риболовци.

**Ањила:** Кога имав дванаесет години, една жена, верничка на адвентистичката црква, дојде во нашата куќа и нè повика мене и брат ми во црква. Мајка ми нè водеше во црква секоја сабота речиси една година, но баба ми и дедо ми не го сакаа тоа. Постојано велеа: „Сите ни се потсмеваат. Ова е голем срам за нас!“

Мајка ми го викаше и татко ми да дојде во црква со нас, но тој одбиваше, плашејќи се од реакцијата на своите родители. Имаше изговор:

**Дмитри:** Имам други работи кои треба да ги направам. Немам време за Бога. Можеби ќе имам време за Бога и за црквата кога ќе ги завршам големите работи околу куќата.

**Ањила:** Тоа обично претставуваше крај на разговорот. Татко ми беше уморен од слушањето приказни за црквата. Жената која нè повика во црква, продолжи да нè посетува и да нè повикува, но ние не одевме. По неколку месеци, татко ми заврши со сите поправки

околу куќата и рече:

**Дмитри:** Конечно! Сега имам слободно време.

**Ањила:** Но, тој не обрнуваше внимание за Бога. Не го одржа своето ветување дека ќе оди во црква. А, потоа, почнаа на мојот татко да му се случуваат чудни работи. Почна да се плаши да остане дома сам. Беше нервозен и постојано викаше. Доби висок крвен притисок и отиде на доктор, кој му препиша некои лекови, но ништо не помагаше. Докторот не знаеше што повеќе да преземе. Баба ми го советуваше татко ми да оди во блискиот манастир. Му рече дека свештеникот ќе знае во што е проблемот, без да му постави и едно прашање. Мојот татко одеше во манастирот неколку пати, но ни тоа не му помогна.

Татко ми почна да бара одговори на некоја друга страна. Ги прашуваше луѓето со кои доаѓаше во контакт за целта и смислата на животот. Еден од оние со кои разговараше беше старешината на адвентистичката црква. По нивниот разговор, татко ми ја прифати поканата да дојде во црква на неколку викенд-предавања. Кога се врати дома, ѝ кажа на мајка ми.

**Дмитри:** Присуствував на црковната програма и навистина бев импресиониран. Кога се вратив дома ѝ реков на мојата сопруга: „Ајде од сега да одиме во црква".

**Ањила:** Мајка ми беше шокирана, но беше и многу среќна. И јас бев среќна. Мислев дека сонувам.

Наредната сабота тргнавме заедно в црква, и од тогаш одиме секоја сабота.

**Дмитри:** Меѓутоа, она што не го знаеше Ањила, е тоа дека јас се молев пред да одлучам да одам во црква.

Не го сакав тоа што често бев налутен или исплашен. Сѐ ми делуваше како тоа да е крај на мојот живот. Не пронаоѓав смисла во натамошниот живот. Чувствував како нешто да ме притиска. Сега знам, дека сатаната се обидувал да ме одврати. Сакаше да ме уништи.

Еден ден, клекнав на своите колена и се молев. Знаев дека само Бог може да ми помогне. Му реков: „Помогни ми на мене, грешниот. Не знам што се случува, но Те молам помогни ми со својата цврста рака". Кога завршив со молитвата, почувствував олеснување, како товарот да беше тргнат од мојот грб. Почувствував глас кој ми збо-

руваше, „мораш да тргнеш напред. Сè ќе биде добро. Јас ќе ти помогнам“.

**Ањила:** Отидовме во црква заедно како семејство. Пасторот нè повика да му се придружиме на класата во која се подготвувавме за крштевање. Сите четворица – мојот татко, мајка ми, брат ми и јас, се крстивме минатата година. Баба ми и дедо ми не беа среќни поради нашата одлука. Сметаа дека јас и мојот брат сме принудени да одиме во црква. Баба ми им велеше на моите родители: „Ги посрамотивте децата. Тие се млади и животот е пред нив. Не излегуваат да одат на игранки, како ќе се омажат или оженат?“

Ѝ реков дека игранките и мажењето и женењето не се најзначајните работи во животот. Ги повикавме и баба ми и дедо ми во црква, но тие одбија да дојдат.

Благодарна сум му на Бога што направи чудо во животот на мојот татко. Тој во потполност се промени. Повеќе не е нервозен и загрижен. Повеќе не е оној човек, каков што беше порано. Тој го сака Бога и служи во црквата како ѓакон и организатор на музичкиот живот на нашата мала црква.

**Дмитри:** Јас и моето семејство сме крстени во стариот советски здравствен центар, кој адвентистичката црква го претвори во извиднички клуб и обласен црковен центар.

Вашите денешни дарувања ќе овозможат тој комплекс да се реновира. Ви благодариме што денес ја имате на ум Молдавија и евроазиската дивизија, додека ги приложувате своите дарови на 13-тата сабота.

**Нараторот:** Дел од даровите на 13-тата сабота, ќе биде употребен за специјални проективо неколку држави во евроазиката дивизија. Деталите се наведени на задната страна од вашата тримесечна саботношколаска поука. Барајте од Бог да ве упати на кој начин можете да помогнете да се доврши делото овде и насекаде во светот, за да може Исус да дојде.

*(Приложувањето на даровите може да биде проследено со инструментална музика)*

**МИСИОНСКИ ЗРАК НА СВЕТЛИНА**

Излегува од печат секое тримесечје со мисионски приказни кои ги уредува канцеларијата на адвентистичката мисија. Ова ДВД ги содржи сите мисионски приказни кои доаѓаат од светот, вклучувајќи ги и мисионските проекти на 13-тата сабота, за кои се собираат даровите.

Мисионскиот Зрак на Светлина е добар за:
Саботната школа
Детски приказни
За подготовка пред почетокот на богослужењата
Училишни и семејни богослуженија
Извидници
Молитвени состаноци
ДВД е потполно бесплатно

*Порака на издавачот:* Ако членовите на вашата саботна школа некогаш ве прашале каде одат нивните неделни мисионски дарувања, можеби овој текст ќе им биде од полза.

## Порака од издавачот:

***Ако членовите на саботната школа некогаш ве прашаат каде одат нивните седмични мисионски дарувања, можеби оваа статија ќе им биде од полза.***

***Каде одат моите мисионски дарови?***

Дали некогаш сте почувствувале, кога ги давате своите мисионски дарови, како да ги ставате своите пари во „црна дупка“?

Вие знаете кои држави и проекти ќе добијат дел од даровите на тринаесеттата сабота. Меѓутоа, што се случува со редовните мисионски дарови што ги приложувате секоја седмица? За што ќе бидат употребени?

Можеби ќе бидете изненадени од фактот дека седмичните мисионски дарови им помагаат на повеќе од 1,000 мисионери насекаде

во светот. Всушност, 70% од седмичните мисионски дарови им помагаат на мисионерите и на работата на нашата црква во светски рамки. Издвојувањата од Генераната конференција наменети за државите на Блискиот исток, Северната африканска унија и на Израелското мисионско поле, помагаат да се воспостават и да се одржуваат мисионските активности на овие териотрии.

Остатокот од парите помагат на различни институции и агенции кои служат на црквата во целиот свет. На пример, го помагаат мисионското медицинско дело на универзитетот во Лома Линда, даваат поддршка да се шири евангелието преку програмите на адвентистичкото светско радио и на хуманитарните активности на АДРА.

Во изминатите години милиони луѓе од областите на светот кои се соочуваат со предизвици, го запознале спасението во Исуса и дошле во Христијанската адвентистичка црква. Во овие области се основани илјадници нови цркви. Меѓутоа, откако биле крстени, дали овие верници биле и како биле негувани? Дали имаат пристап до материјалите и програмите кои можат да помогнат да ја зајакнат својата нова вера и да им помогнат да растат во своето ученишство? Дали во тие нови цркви има доволно пастори?

Вашите мисионски дарувања го поддржуваат растот и напредокот на делото во целиот свет.

Ако сакате да добиете дополнителни информации за адвентистичката мисија во светот, одете на AdventistMission.org.

Ви благодарам уште еднаш за молитвите и за финансиската поддршка околу проектите на адвентистичката мисија. Вие сте тие кои придонесувате и правите разлика во животот на милиони души насекаде во светот.

**Гери Крауз**

## Идни проекти на 13-тата сабота

- Наредното тримесечје ќе ја запознаеме Интерамериканската Дивизија (ИАД), која ќе ги прими благословите на 13-тата сабота, од верниците на црквите низ светот.
- Евангелски центар на влијание на антилскиот адвентистички универзитет Мајагез, во Порторико.
- Меѓукултурниот мисионски центар и црква на универзитетот Јужен Кариби во Маракеш на Тринидад.
- Меѓукултурниот мисионски центар и болница во Табаско во Мексико.



## ИЗВОРИ

### Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Русија, Киргистан, Молдавија, Таџикистан, Украина, Казахстам и Евроазиската дивизија (ЕАД), обратете се во локалната библиотека или патничката агенција или амбасадата на посакуваната земја. Внесете го називот на земјата на вашиот интернет пребарувач.

Следните веб сајтови можат да ви бидат од корист:

Russia: government.ru/en/
CIA's Russia Facts: bit.ly/RussiaCIA
Wikitravel: bit.ly/wikiRussia
Lonely Planet: bit.ly/PlanetRussia

Kyrgyzstan: bit.ly/wikiKyrgyzstan
bit.ly/KyrgyzstanCIA

Moldova: bit.ly/wikiMoldova
Tajikistan: bit.ly/wikiTajikistan
Ukraine: bit.ly/wikiUkraine
bit.ly/UkraineCIA
Seventh-day Adventist websites
Euro-Asia Division: adventist.ru
West Russian Union Conference: zrs.adventist.ru
Moldova Union of Churches Conference: adventist.md
Northern Kazakhstan Mission: adventist.su

**Средство за остварување на целта**

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување.

Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота).

Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

ГРАДИВО 4/2017
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**